**2414.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 и член 48 став 1 алинеа 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15) и член 53 став 1 алинеа 5 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр.143/11, 78/13 и 33/15), на седницата одржана на 28.4.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ-ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС, ЕУРОСУПЕР БС 95, ЕУРОСУПЕР БС 98 И ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО ЕЛ-1**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги АБЦ ОИЛ ДООЕЛ Скопје, му се одзема лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-Трговија на големо со Еуродизел БС, Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98 и Екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1, со евидентен број на издадената лиценца 43.3.1/14 од 13.2.2013 година, поради тоа што носителот на лиценца престанал да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата пропишани со Законот за енергетика и други прописи.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 11-238/13
28 април 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**2415.**

Врз основа на член 30 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014 и 20/2015), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 27 март 2015 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО**

Член 1

Во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2013 и 48/2015), член 21 став 1 се додава нова точка 5 која гласи:

“ 5) трошоци за ортопедско и друго помагало за кое постои медицинска индикација и е неопходно за време на болничкото лекување во странство, а кое поради природата на заболувањето мора да се аплицира во текот на самото лекување и е неопходно за периодот до враќање во земјата.“

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а се објавува по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-6385/3
1 април 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ангел Митев,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015068